Бр. Уп.1.20-68
Берово, 20.03.2024

ОПШТИНА БЕРОВО
Одление за урбанизам
Димитар Влахов 10
2330 БЕРОВО

тел. 033/471-057
лок.107

so.berovo@t-home.mk
www.berovo.gov.mk

Врз основа на член 44, став 7, од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 32/2020 и 111/23), член 63 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со Предлогот за Одобрување на доставената Планска, со бр. Уп.1.20-68 од 26.02.2024 год, Градоначалникот на Општина Берово, донесува:

# Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

*За изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, за објекти со намена А4.3 - Викенд куќи на КП 10462 и КП10463, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО*

1. **СЕ ОДОБРУВА** доставената **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА,** со **Тех.бр. 03-17-1/22 од Октомври 2023 год,** заверена и поднесена од **“НИМАЕР” ДООЕЛ Струга - д.е. Скопје,** за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, за објекти со намена А4.3 - Викенд куќи на КП 10462 и КП 10463, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО.
2. Проектната Програма со Техички број 03-17-1/22 од Октомври 2023 год, поднесена од страна на “НИМАЕР” ДООЕЛ Струга - д.е. Скопје, е основа за продолжување на постапката за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, за објекти со намена А4.3 - Викенд куќи на КП 10462 и КП 10463, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО.
3. Оваа Решение стапува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавено во „Службен гласник“ на Општина Берово.

### *О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Од страна на „НИМАЕР” ДООЕЛ Струга - д.е. Скопје, преку електронскиот систем за Е-Урбанизам со бр. Уп.1.20-235 од 03.10.2023 год, е доставена за одобрување ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, , за објекти со намена А4.3 - Викенд куќи на КП 10462 и КП 10463, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО, со Тех.бр. 03-17-1/22 од Октомври 2023 год.

Доставената Проектна програма ги исполнува условите од член 44, од Законот за урбанистичко планирање, изработена врз основа на Решението за Услови за планирање на просторот, со бр. Уп.1-15-2744/2023 од 17.01.2024 год, издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање Скопје, за отпочнување на постапка за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, , за објекти со намена А4.3 - Викенд куќи на КП 10462 и КП 10463, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО, и врз основа на член 44, став 7, од Законот за урбанистичко планирање, и Предлогот за Одобрување на доставената Планска Програма со бр. Уп.1.20-68 од 26.02.2024 год, Градоначалникот на Општина Берово, одлучи како во диспозиривот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Решението.

*Изготвил:* ***Маја Велевска, дги***
*Одобрил:* ***Мишо Догазански, дги***

**ОПШТИНА БЕРОВО**
Градоначалник
**Звонко Пекевски**